OHRIDSKA BANKA

Врз основа на членовите 54 и 66 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 30.6.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината на надоместокот за работата во органите на Охридска банка АД Скопје за 2019 година**
**(Надзорен одбор и Одбор за ревизија)**

1. Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за работата на членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија на Охридска банка АД Скопје за 2019 година.

2. На секој член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје им се определува годишен фиксен надоместок за 2019 година во нето-износ од 600.000 МКД, кој се исплаќа пропорционално за периодот на траење на неговиот мандат во Надзорниот одбор.

3. На секој член на Одборот за ревизија на Охридска банка АД Скопје им се определува годишен фиксен надоместок за 2019 година во нето-износ од 90.000 МКД, кој се исплаќа пропорционално за периодот на траење на неговиот мандат во Одборот за ревизија.

4. На членовите на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија кои се именувани од редовите на претходниот мнозински акционер *Сосиете Женерал* и се во работен однос во неговите ентитети членови не им се исплаќа надоместок за работата во органите на Охридска банка АД Скопје.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**СО бр. 0201-32457/8**
**30.6.2020 г.**
**Скопје**

**Собрание на Охридска банка АД Скопје**
**Претседавач,**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ